# З А П И С Н И К

од десетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Десетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од претседателот на Комисијата се одржа на 11.06.2019 година, со почеток во 16:30 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа

1. Горан Велинов, заменик претседател
2. Дешира Имери, член
3. Стевица Јосифовски, член
4. Ервин Реџепагиќ, член
5. Сашо Димитријоски, Директор на Агенцијата,
6. Бојана Стефановска- Советник за правни работи-во својство на записничар,

На состанокот се работеше по предложениот дневен ред:

1. Усвојување на Записникот од деветиот состанок на Комисијата одржан на 27.05.2019 година и усвојување на предлог дневниот ред за десетиот состанок за 2019 година на Комисијата на АЕК;

   Записникот од деветиот состанок на Комисијата беше едногласно усвоен, како и дневниот ред.
2. Барање согласност за јавна набавка на Адаптивна надградба на ВЕБ ГИС апликација и Единствена точка за информации (ЕТИ);

   Директорот на Агенцијата ги запозна членовите на комисијата дека оваа набавка покрај тоа што е предвидена во планот за јавни набавки претставува и законска обврска за сите оператори и државните институции да доставуваат проекти за своите подземни инсталации а се со цел развој на Броадбенд стратегијата на Владата. Па имајќи во предвид задолжувањето од предходниот состанок за присуство на одговорните лица, откако беше детално објасната се даде согласност за истата.

3. Барање согласност за јавна набавка на ГИС портал;

   И оваа набавка беше детално објасната од страна на одговорното лице, но членовите на комисијата ја одложија за иден состанок.

4. Разгледување на правилникот за водење, користење и функционирање на електронски регистер на терминална телекомуникациска опрема (тто)

   Од страна на одговорното лице беше презентиран правилникот за водење, користење и функционирање на електронски регистер на терминална телекомуникациска опрема (тто).

5. Барање согласност за јавна набавка на Систем за регистрирање и нотификација на телекомуникациска терминална опрема која се увезува (фиксна и мобилна мрежа);

   Околу ова барање Директорот на Агенцијата и одговорното лице ја објаснија законската обврска и важноста на оваа набавка, по што се даде согласност за истата.

6. Барање согласност за јавна набавка на Адаптивно одржување на ЦСПБ;

   Околу ова барање Директорот на Агенцијата и одговорното лице ја објаснија потребата и важноста, по што се даде согласност за истата.

7. Барање согласност за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година– Анекс 1;

   Одговорните лица објаснија дека оваа измена на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година всушност е од технички карактер, односно набавките што се дополнивање во анексот број 1 се предвидени во финансискиот план а поради пропуст се испуштени во планот за јавни набавки, по што членовите дадоа согласнот за оваа измена.

8. Барање согласност за јавна набавка на видео систем за соработка;

   Оваа набавка беше објаснета како потреба за подобра комуникација помеѓу вработените од сите контролно мерни центри, но членовите на комисијата ја одложија за иден состанок.

9. Барање согласност за јавна набавка на опрема за центарот за сајбер безбедност –ЦИРТ;

   За оваа набавка од стручните лица беше образложено дека претставува потреба за непречено извршување на законските обврски на ЦИРТ, а како е предвидена во годишната програма која е усвоена од Владата, членовите дадоа согласност.

10. Барање согласност за јавна набавка на електрична енергија;

Согласно новиот закон за енергетика, каде е предвидено дека електричната енергија и нејзината набавска спаѓа под набавките со законот за јавни набавки, а како во нејзиното образложение од страна на одговорното лице беа објаснати постапките и сите можни ситуации и решенија за неа, комисијата даде согласност за нејзино спроведување.

11. Разно

По оваа точка беше повторно разгледано барањето од ЈСП Скопје, за измена на предметот на донацијата. Комисијата донесе заклучок да се постапи идентично како при склучување на договорите за донација, односно анексите кон договорите за донација да се достават до Министерство за правда на РСМ за утврдување на јавниот интерес на преименуваниот Проект „ Градење на пешачки мост“.Беше дискутирана моменталната состојба со изградбата на кулата, како и доставените информации по предходно дадените задолжувања до секторите во Агенцијата.

Членовите на комисијата дадоа согласност за службен пат за заменик претседателот Горан Велинов за конференцијата која ќе се одржи во Берлин, Германија од 02-05.07.2019 организирана од Tech Open Air.

Исто така се разгледа барањето за донација поднесено од здружението на граѓани Св. Богородица од с.Галате за проект изградба на Чардаци од дрвена конструкција, но како и во минатото беше заклучено дека бидејќи во буџетот на Агенцијата за 2019 година не се предвидени средства за донации, ова барање да се одбие. На овој состанок беше донесен заклучок од страна на членовите на комисијата доколку се појават проблеми околу редовноста на вработените во Агенцијата, службите и Директорот да ги превземат сите мерки за нивно сузбивање согласно правилникот за дисциплина и ред на вработените.

Состанокот заврши на 11.06.2019 во 20:15 часот.

Горан Велинов, заменик претседател________________

Дешира Имери, член ___________________________

Ервин Реџепагиќ, член____________________________

Стевица Јосифовски, член_______________________